# РАЗБОЛЕЛА СЕ КАЛИНА




*Разболела ми се Калина*
*во тоа полје широко.*
*Никој немаше при неа,*
*сал едно пиле шарено, шарено.*
*Со уста вода носеше,*
*со крилја сенка држеше, држеше.*

*– Ој море, пиле шарено,*
*шо добро виде од мене?*
*Шо добро виде од мене*
*и добро правиш на мене, на мене?*

*„Калино, моме убава*
*кога гореше горатa, горатa,*
*кога гореше горатa,*
*ти мен во раце држеше, држеше,*
*ти мен во раце држеше,*
*со масло крилца ладеше, ладеше“.*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978